**Закон за изменување и дополнување на Законот за санитарна и здравствена инспекција**

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/25)

**Член 1**

Член 2 се менува и гласи: Санитарната и здравствената инспекција опфаќа инспекциски надзор над спроведувањето на законите и другите прописи донесени врз основа на законите од областа на санитарно- хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението и евиденциите во областа на здравството.

**Член 2**

Чл. 4 се менува и гласи :

став 1 точка 1 се менува и гласи: Спроведувањето на општите и посебните мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести и инфекциите и по епидемиолошки индикации.

точка 2 се менува и гласи: Безбедност на предметите за општа употреба во производството и прометот и тоа: детски играчки, козметички производи, супстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;

точка 3 се брише

точка 4 се брише

точка 5 се брише

точка 6 се менува и гласи: Санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата во кои се врши здравствена дејност, дејности во областа на образованието, социјалната заштита, рекреацијата, трговијата со козметички производи, детски играчки и предмети за општа употреба

точка 9 се менува и гласи : Лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и детските играчки.

став 2 се брише

**Член 3**

член 5 став 1 Точка 2 се брише

**Член 4**

чл. 5-а се брише

**Член 5**

Член 7 се менува и гласи :

Со Државниот инспекторат раководи Директор.

За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое покрај општите услови утврдени во Законот за инспекциски надзор, го исполнува посебниот услов да има завршено образование од областа на медицината и положен стручен испит.

Директорот во случај на негово отсуство или кога поради болест и други причини не е во можност да ја извршува функцијата, го заменува еден од раководните инспектори, овластен од него.

**Член 6**

Член 8 се менува и гласи:

Инспекцискиот надзор во рамките на надлежноста на Инспекторатот го вршат државни санитарни и здравствени инспектори (во натамошниот текст: инспектори).

Инспектор може да биде лице кое покрај општите услови за вработување утврдени во Законот за административни службеници и посебните услови за вработување на инспектор утврдени во Законот за инспекциски надзор, го исполнува и посебниот услов да има стекнато најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на медицината или стоматологијата и положен стручен испит.

**Член 7**

Чл.13 се менува и гласи:

(1) Заради меѓусебна координација на работата и поголема ефикасност на државните инспекторати, од страна на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), на предлог на Министерството за јавна администрација се формира Колегиум на директори на државни инспекторати (во натамошниот текст: Колегиумот), како меѓуресорско координативно работно тело составено од директорите на државните инспекторати.

(2) Со Колегиумот раководи лице од редот на членовите на Колегиумот, назначено од министерот за јавна администрација.

(3) На седниците на Колегиумот може да се повикаат да земат активно учество раководители или инспектори од инспекциски служби организирани како организациони единици за инспекциски надзор во состав на органите на државната управа и во општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје и експерти од одделни области на инспекцискиот надзор.

**Член 8**

Чл17 став 1 т. 10 се менува и гласи:

Наредат отстранување на недостатоци во производствениот процес кои доведуваат до производство на небезбедни козметички производи и предмети за општа употреба и детски играчки,

Чл.17 став 1 т. 11 се менува и гласи : -забранат увоз и промет со небезбедни козметички производи , предмети за општа употреба и детски играчки.

**Член 9**

чл.17 а се брише

**Член 10**

Чл.26 став 1 се менува и гласи:

Во постапката на инспекцискиот надзор инспекторот донесува решение

Став 2 се брише

Став 3 станува став 2

Став 4 станува став 3

**Член 10**

Во Чл.27 се додава нов став- став 3 :

Субјектот на инспекциски надзор не смее да го отстрани за запечатување од ставот 1 на овај член , пред времето определено од инспекторот .

**Член 11**

Чл. 29 став 3 се менува и гласи:

Кога инспекторот ке констатира сторен прекршок за кој со посебен закон е предвидена издавање на прекршочен платен налог ,пред поведување на прекршочна постапка е должен да се спроведи постапка за порамнување според законот за прекршоците

**Член 12**

Член 29-а се менува и гласи:

Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен да зема примерок (мостри и брисеви од жива и нежива средина по епидемиолошки индикации) заради утврдување на постоење или непостоење на некој битен факт во врска со здравствената исправност на храната при епидемиолошки индикации,како и козметичките производи, предметите за општа употреба и дестки играчки при увоз, производтсво и промет со цел да се утврди дали одговараат на пропишаниот состав односно квалитет.

**Член 12**

Член 29-б се менува и гласи

Постапка за земање на примерок

При земањето на примерок инспекторот е должен:

(1) во исти услови и во исто време да земе најмногу три примероци во количина потребна за испитување (за прва анализа, за втора анализа по барање на субјектот на инспекцискиот надзор и за супер анализа),

(2) да состави записник за земањето на примерок,

(3) примероците да ги запечати и прописно да ги означи,

(4) да го достави без одлагање примерокот за првата анализа до акредитирана институција за вештачење, а вториот и третиот примерок да ги чува во соодветни услови,

(5) да го извести писмено и без одлагање субјектот на инспекциски надзор за резултатите од анализата,

(6) да го достави без одлагање вториот примерок на анализа до друга акредитирана институција по барање на субјектот на инспекциски надзор и

(7) со посебен инспекциски акт да го утврди износот на трошоците што настанале во текот на постапката во врска со анализата на примероците, во случај кога примерокот не соодветствува со пропишаните стандарди.

**Член 13**

чл. 29 в се менува и гласи

Претпоставка за согласност

Ако субјектот на инспекциски надзор при земањето на примерокот за анализа не бара истовремено земање на примерок за втора анализа, не може да ги оспорува резултатите од добиената анализа.

**Член 14**

Се додава нов чл 29 г кој гласи:

Оспорување на резултатите од анализата

(1) Субјектот на инспекциски надзор може да ги оспорува резултатите од анализата на првиот примерок со барање за вршење на анализа на вториот примерок (земен во исто време и на ист начин), во рок од три дена од денот на доставувањето на резултатите од анализата на првиот примерок.

(2) Ако субјектот на инспекциски надзор, барањето од став (1) на овој член не го достави во пропишаниот рок, се смета дека се согласува со резултатите од анализата на првиот примерок.

(3) Анализата на вториот примерок не може да и се довери на акредитираната институција која ја извршила анализата на првиот примерок.

(4) Ако резултатите од анализата на вториот примерок не се во согласност со резултатите од анализата на првиот примерок, инспекторот во рок од три денови од приемот на овие резултати е должен да поднесе барање за вршење на супер анализа до соодветна акредитирана институција.

(5) Супер анализата од став (4) на овој член, не може да ја врши акредитирана институција која ги вршела претходните анализи, а ако нема други институции за вршење на тие анализи во земјата, анализата може да се довери на институција од земјите членки на Европската Унија.

**Член 15**

Член 29 – д се менува и гласи:

Трошоците од анализата

(1) Трошоците од анализата ги сноси субјектот на инспекциски надзор , ако се утврди дека земените примероци не одговараат на пропишаните стандарди.

(2) Трошоците од анализата ги сноси надлежната инспекција , ако се утврди дека примероците одговараат на пропишаните стандарди.

**Член 16**

Се додава нов член 29 – ѓ кој гласи:

Привремено одземање на предмети заради обезбедување на докази

Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, привремено да одземе документи, производи и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка.

Одземањето на предметите од ставот 1 на овој член трае до донесувањето на правосилна одлука во постапката.

**Член 17**

Се додава нов член 29-е кој гласи:

Постапка при надзор над увоз

( 1) увозникот на предмети за општа употреба , детски играчки, и козметички производи е должен пред пуштање во промет да поднесе барање до надлежен државен санитарен и здравствен инспектор за преглед на пратката што ја увезува заради утврдување на здравствена безбедност .

2) увозникот не смее да ја пушти во промет ниту да ја преработува пратката од увоз до донесувањето на решение за дозвола за пуштање во промет од страна на Државниот санитарен и здравствен инспектор, врз основа на лабораторискиот наод дека пратката е здравствено исправна.

(3) ако со лабораториско испитување се утврди дека пратката од став 1 на овој член во поглед на здравствената исправност не им одговора на пропишаните услови, увозникот на свој трошок ќе постапи во согласност со решението донесено од државниот санитарен и здравствен инспектор.

**Член 18**

Чл.30 се менува и гласи;

Во постапките поведени по барање на странка согласно со закон, трошоците на инспекцискиот надзор паѓаат на товар на странката.

Трошоците за вршење на инспекциски надзор ги опфаќаат посебните издатоци во готови пари на инспекцијата што ја води инспекциската постапката, како што се: патните трошоци на инспекторите, издатоците за сведоци, вештаци, толкувачи, увид, анализа на примерок и слично, а кои настанале со спроведувањето на инспекциската постапката и по правило ги поднесува оној на чија штета е завршена инспекциската постапка.

Трошоците за инспекциската постапка која е завршена без изрекување на инспекциска мерка, паѓаат на товар на инспекцијата која го извршила инспекцискиот надзор.

Трошоците за постапка која е завршена со изрекување на инспекциска мерка, освен опомена, паѓаат на товар на субјектот на инспекциски надзор.

Висината на трошоците од став 1 на овој закон ја утврдува министерот на предлог на директорот, односно функционерот.

**Член 19**

Чл 31 се менува и гласи

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци, од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци, ќе му се изрече за прекршокот на правното лице, ако:

1.Во рок од три дена од добивање на барање од инспекторот не му ги достави бараните податоци со кои располага и кои податоци се од значење за спроведување на инспекцискиот надзор , (член 14 став 6 од оваj закон)

2. На инспекторот не му овозможи пристап до просториите, производите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор, како и увид во целокупната документација и информации неопходни за утврдување на фактичката состојба, кои се предмет на инспекцискиот надзор (член 14 став 1 од овој закон),

3- На инспекторот не му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор (член 14 став 2 од овој закон),

4.- Не го прекине работењето за време на инспекцискиот надзор (член 14 став 5 од овој закон),

5.-Не постапи по решение со кое се наредува извршувње на определени инспекциски мерки ,во одреден рок кои го определува инспекторот (член 26 став 2 )

6.- Не постапи по усно решение на записник (член 27 став 1)

7.-Не му дозволи на инспекторот да земе примерок (член 29 а став 1 овој закон),

8.- На инспекторот не му ги обезбеди условите неопходни за спроведување на инспекцискиот надзор (член 14 став 3 од овој закон),

9.- Не определи лице кое ќе биде присутно при вршењето на инспекцискиот надзор (член 14 став 4 од овој закон),

10.- Го отстрани знакот за запечатување на просториите, објектите, градилиштата, опремата, средствата за работа и други средства, пред времето определено од инспекторот (член 27 став 3 од овој закон)

11.- Не му дозволи на инспекторот привремено да одземе документи, стока и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка (член 29-ѓ ) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршоците од став (1) на овој член на физичко лице.

Чл.31 а се брише

**Член 20**

Членот 31-г став 1 се менува и гласи

За прекршоците утврдени во членот 31 од овој закон, државниот санитарен и здравствен инспектор е должен на сторителот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.